Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-346/3
20.10.2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 5 став 3, 4 и 5 од Законот за Јавни претпријатија (Сл.Весник на РМ 38/96,9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 64/18), и член 27 од Статутот на ЈП Градски Паркинг – Скопје, Управниот Одбор во рамки на своите права и овластувања на ден 20.10.2020 година ја донесе следнава:

# ОДЛУКА
## за усвојување на Деветмесечниот Извештајот од работењето на ЈП Градски паркинг Скопје за период од 01.01.2020 до 30.09.2020 год

***Член 1***

Предмет на оваа Одлука усвојување на Деветмесечниот извештајот од работењето на ЈП Градски паркинг Скопје за период од 01.01.2020 до 30.09.2020 год.

***Член 2***

Се задолжува Директорот на претпријатието горенаведениот Извештај да го достави до Градоначалникот на Град Скопје и Советот на Град Скопје заради добивање на согласност и истиот да го објави на веб страната на претпријатието.

***Член 3***

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по добивање на согласност од Советот на Град Скопје.

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје. 20.10.2020 година

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ-СКОПЈЕ
Претседавач
Никола Божиноски

Бр.№ 02-345/3
20 10 2020 год.
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 27 став 3 од Законот за Јавни претпријатија(Сл.Весник на РМ 38/96,9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 64/18), и член 38 од Статутот на ЈП Градски Паркинг – Скопје, Надзорниот Одбор за контрола на материјално финансиско работење на ЈП Градски паркинг-Скопје, на седницата одржана на ден 20.10.2020 година го разгледа Деветмесечниот Извештај од работењето на ЈП Градски паркинг-Скопје за период 01.01. до 30.09.2020 год. и го донесе следново:

## М И С Л Е Њ Е

Надзорниот Одбор за контрола на материјално - финансиското работење на Претпријатието дава позитивно мислење на Деветмесечниот Извештај од работењето на ЈП Градски паркинг-Скопје за период 01.01. до 30.09.2020 год

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје 20. 10. 2020 година

НАДЗОРЕН ОДНОР ЗА КОНТРОЛА
НА МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ
Претседател,

Тодор Пачаџиев

Ј.П. ГРАДСКИ ПАРКИНГ
СКОПЈЕ
N.P. Parkingu i Qytetit - Shkup

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-346/3
20 10 2020 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ

## За работењето на ЈП Градски Паркинг-Скопје за перид 01.01-30.09.2020 година

# ВОВЕД

Во третиот квартал од годината, ЈП Градски Паркинг- Скопје оствари негативен финансиски резултат – загуба на износ 21.974.690,00 денари.

Приходите заклучно 30.09.2020 година изнесуваат 124.158.658,00 денари.

Расходите се на износ 146.133.348,00 денари.

Составен дел на овој Извештај е Биланс на успех и Биланс на состојба.

# БИЛАНС НА УСПЕХ

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 30 СЕПТЕМВРИ 2020 ГОДИНА

| ПРИХОДИ – кл. 7 | 2020 година | | 2019 година |
|---|---|---|---|
| | | | |
| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА | 103.556.762,00 | | 127.146.043,00 |
| | | | |
| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 11.048.559,00 | | 18.929.161,00 |
| | | | |
| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 9.514.409,00 | | 17.056.186,00 |
| | | | |
| ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ | 38.928,00 | | 175.854,00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **124.158.658,00** | | **163.307.244,00** |

| РАСХОДИ – кл.4 | 2020 година | | 2019 година |
|---|---|---|---|
| | | | |
| ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ | 8.311.958,00 | | 7.393.551,00 |
| | | | |
| ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ | 28.734.756,00 | | 33.825.079,00 |
| ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ | 95.362.957,00 | | 85.135.861,00 |
| | | | |
| ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА | 8.331.766,00 | | 8.198.616,00 |
| | | | |
| ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | 5.356.678,00 | | 5.817.842,00 |
| | | | |
| ОСТАНАТИ РАСХОДИ | 34.488,00 | | 34.511,00 |
| | | | |
| ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ | 745,00 | | 4.994,00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **146.133.348,00** | | **140.410.454,00** |

## *ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ*

| *ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ* | *2020 ГОДИНА* | | *2019 ГОДИНА* | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| Вкупно приходи | | 124.158.658,00 | | 163.307.244,00 |
| Вкупно расходи | | 146.133.348,00 | | 140.410.454,00 |
| | Загуба | - 21.974.690,00 | Добивка | 22.896.790,00 |

# *ПРИХОДИ*

Приходите за период 01.01- 30.09.2020 година изнесуваат 124.158.658,00 денари односно, како што следи:

- Сектор Јавни паркиралишта 103.556.762,00 ден.
- Сектор Пајак 11.048.559,00 ден.
- Останати приходи 9.514.409,00 ден.
- Финансиски приходи 38.928,00 ден.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА*

Во рамки на Сектор Јавни паркиралишта реализирани се следните приходи:

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА | 2020 година | 2019 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1. затворени паркинзи | 33.675.488,00 | 44.720.169,00 | -11.044.681,00 | 0,81 |
| 2. зонско паркирање | 57.840.976,00 | 68.994.050,00 | -11.153.074,00 | 0.75 |
| 3. катна гаража-Беко | 7.470.744,00 | 8.000.951,00 | -530.207,00 | 0,84 |
| 4. катна гаража-26-ти Јули | 4.569.554,00 | 5.430.873,00 | -861.319,00 | 0.93 |
| Вкупно приходи: | 103.556.762,00 | 127.146.043,00 | -23.589.281,00 | 0,84 |

Во споредба со минатата година, вкупните приходи кај Сектор Јавни паркиралишта се намалени за 23.589.281,00 денари .

Кај затворените паркинзи приходите се намалени за 11.044.681,00 денари. Со исклучок на паркингот АМСМ каде прометот е речиси на исто ниво како и минатата година односно бележи незначителен пораст сите останати затворени јавни паркиралишта бележат пад на прометот. Најголем пад на прометот бележат паркингот Клинички Центар,

8-ми Септември, Треска,Градска болница итн.

Паркингот Клинички центар - Мајка Тереза беше во состојба на комплетна реконструкција каде се изведуваа големи градежни зафати заради што претпријатието претрпе огромни загуби. Но и во овие отежнати услови на стопанисување претпријатието направи

максимални напори паркингот да функционира непречено како за потребите на пациентите така и за потребите на здравствените работници.

Кај зонското паркирање со исклучок на приходите остварени по пат на месечни претплати кај сите други приходи - продажба на греб картички, смс паркирање како и од издавање доплатни билети бележиме пад на приходот. Во целина гледано кај зонското паркирање приходите се намалиле за 11.153.074,00 денари во споредба со минатата година.

Катната гаража „Беко" има реализирано приходи во висина од 7.470.744,00 денари додека пак катната гаража „26-ти Јули" бележи приходи на износ од 4.569.554,00 денари. Во споредба со минатата година, приходите од стопанисување со катната гаража „Беко" се намалени за 530.207,00 денари додека кај катната гаража „26-ти Јули" приходите се намалиле за 861.319,00 денари .

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК*

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 2020 година | 2019 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1. дневен промет | 11.035.259,00 | 18.726.018,00 | -7.690.759,00 | 0,59 |
| 2.фактурирана услуга | 13.300,00 | 203.143,00 | -189.843,00 | 0,07 |
| Вкупно приходи: | 11.048.559,00 | 18.929.161,00 | -7.880.602,00 | 0,58 |

Приходите од Сектор пајак заклучно 30.09.2020 година се намалени за речиси 60% во споредба со истиот период минатата година. Имено, вкупно остварен нето приход во Сектор Пајак изнесува 11.048.559,00 денари и е помал во споредба со минатата година за 7.880.602,00 денари. Наплатени се вкупно 6.532 возила. Истиот период минатата година беше реализиран приход на износ 18.929.161,00 денари односно, наплатени биле 12.056 возила.

## *ОСТАНАТИ ПРИХОДИ*

| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 2020 година | 2019 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| од отпишани побарувања и обврски | 40.128,00 | 162.287,00 | -122.159,00 | 0,25 |
| од субвенции | 8.967.592,00 | 16.644.658,00 | -7.677.066,00 | 0,54 |
| од наплатени судски трошоци | 39.720,00 | 125.322,00 | -85.602,00 | 0,32 |
| од наплата на штети | 275.711,00 | 86.178,00 | 189.533,00 | 3,20 |
| од поврат на даноци и од други надоместоци,вонред.прих. | 191.258,00 | 37.741,00 | 153.517,00 | 5,06 |
| Вкупно приходи: | 9.514.409,00 | 17.056.186,00 | -7.541.777,00 | 0,56 |

Заклучно месец септември остварени се останати приходи на износ 9.514.409,00 денари.

Истите произлегуваат од наплата на отпишани побарувања и обврски 40.128,00 денари; приходи од парични субвенции 7.500.000,00 денари; субвенции и донации дадени во опрема 1.467.592,00 денари; приходи од судски трошоци 39.720,00 денари приходи од наплата на штети 275.711,00 денари, приходи од поврат на ДДВ за донација на специјлано возило пајак за општина Охрид на износ 181.494,00 денари,приходи од други надоместоци 8.750,00 денари каки и вонредни приходи на износ 1.014,00 денари.

Известивме и во претходниот извештај дека субвенциите на износ од 7.500.000,00 денари претпријатието ги искористи за подмирување на обврската за комунална такса за период м.01-07.2019 година на износ 9.951.217,00 денари.

### *ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ*

Во оваа група спаѓаат приходи по основ камата, позитивни курсни ралики и слично. Заклучно месец јуни бележиме приходи на износ 38.928,00 денари.Минатата година беа реализирани приходи од камати на износ 175.854,00 денари.

# *РАСХОДИ*

Расходите заклучно 30.09.2020 година се на износ 146133.348,00 денари.

### *ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ*

| **опис** | **2020 година** | **2019 година** | **разлика** | **Индекс** |
|---|---|---|---|---|
| **Потрошни помош.материјали и с-ва за чистење** | 194.907,00 | 171.899,00 | 23.008,00 | 1,13 |
| **Канц.матер.фискал.и бар код ролни, чип и греб картички** | 626.848,00 | 672.266,00 | -45.418,00 | 0.93 |
| **ел.енергија,парно** | 3.085.142,00 | 3.454.338,00 | -369.196,00 | 0.89 |
| **гориво и масло за подмачкување** | 1.554.125,00 | 2.340.059,00 | -785.934,00 | 0,66 |
| **Отпис на сит.инвент.авто гуми во употреба и ХТЗ опрема** | 2.850.936,00 | 754.989,00 | 2.095.947,00 | 3.78 |
| **вкупно:** | **8.311.958,00** | **7.393.551,00** | **918.407,00** | **1,12** |

Материјалните трошоци во третиот квартал од годината изнесуваат 8.311.958,00 денари.

Оваа група на трошоци, споредена со минатата година, е поголема односно, бележи пораст за 918.407,00 денари односно за 12,42%.

Во оваа група трошоци спаѓаат: потрошни- помошни материјали и средства за чистење 194.907,00 денари, канцелариски материјали, фискални ролни и бар код хатртија, чип и греб картички 626.848,00 денари, електрична енергија 3.085.142,00 денари, гориво 1.554.125,00 денари, инвентар, автогуми и ХТЗ опрема 2.850.936,00 денари.

Речиси кај сите троошоци во оваа група бележиме незначителен пад на трошоците.

Порастот на трошоците од групата всушност е последица на трошокот за набавка на ХТЗ опрема за вработените .

## *ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ*

| опис | 2020 година | 2019 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **Поштенски,телефонаки услуги и интернет** | 1.259.288,00 | 1.321.682,00 | -62.394,00 | 0,95 |
| **Услуги за изработка на добра-шахти и сливници (инфо табли)** | 1.199.200,00 | 2.512.657,00 | -1.313.457,00 | 0,48 |
| **Услуги за одржување и заштита** | 6.856.632,00 | 9.335.958,00 | -2.479.326,00 | 0,73 |
| **Тршоци за наем** | 2.388.340,00 | 3.058.386,00 | -670.046,00 | 0,78 |
| **Комунални услуги** | 1.410.590,00 | 1.397.477,00 | 13.113,00 | 1,01 |
| **Останати услуги** | 1.217.577,00 | 502.315,00 | 715.262,00 | 2,42 |
| **Останати непроизводствени услуги** | 8.841.765,00 | 10.453.119,00 | -1.611.354,00 | 0,85 |
| **Останати услуги - времени вработувања** | 5.561.364,00 | 5.243.485,00 | 317.879,00 | 1,06 |
| **вкупно:** | 28.734.756,00 | 33.825.079,00 | 5.090.323,00 | 0,85 |

Во оваа група на трошоци спаѓаат: трошок за ПТТ услуги, телефон, електронски комуникации, трошоци за тековно одржување на материјални и нематеријални основни средства и ситен инвентар, градежни работи и бележење, трошоци за изработка на информативни табли, наем, комунални услуги, регистрациј на возила, транспорт на пари, администрирање на системот за зонско паркирање трошок за времени вработувања и други трошоци.

Евидентирани се трошоци на износ 28.734.756,00 денари односно, бележиме пад на трошоците за 5.090.323,00 денари во споредба со 2019 година .Во споредба со минатата

година во третиот квартал немаме трошок за изработка на инфо табли и бележење а воедно бележиме и незначителен пад на трошоците за поштенски услуги. Падот на приходите од зонското паркирање ги намали и трошоците за администрирање на системот за зонско паркирање каде трошокот бележи намалување за 1.611.354,00 денари.

За закуп односно наем како на деловни простории така и на опрема евидентиран е трошок на износ 2.388.340,00 денари .Во однос на минатата година трошокот е помал бидејќи не е засметан закуп за работа со паркингот Клинички центар .

Услугите за тековно одржување на основните средства и инвентарот се на износ 6.856.632,00 и се помали во споредба од минатата година од причина што не евидентираме трошоци за изработка на инфо табли како и трошоци за бележење на паркинзите.

Комуналните услуги се на речиси исто ниво како и минатата година.

Останати услуги бележат зголемување како резултат на трошокот што е направен при градежните активности на паркингот Клинички Центар каде е вршено поврзување на кабли заради инсталација на нови паркинг системи.

Трошокот за изнајмување времено вработени преку агенција за овој квартал изнесува 5.561.364,00 денари. Преку Агенција за времени вработувања заклучно месец септември ангажирани се 16 лица.Трошокот за нивно изнајмување во однос на минатата година е зголемен како резултат на порастот на платите од крајот на минатата година.

## *ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ*

| Опис | 2020 година | 2019 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **вкалкулирани плати** | 95.018.249,00 | 85.032.170,00 | 9.986.079,00 | 1,125 |
| **Отпремнина** | 264.716,00 | 50.436,00 | 214.280,00 | 5,25 |
| **јуб.награди за 10 год.стаж** | 79.992,00 | 23.331,00 | 56.661,00 | 3,43 |
| **вкупно:** | **95.362.957,00** | **85.135.861,00** | **10.227.096,00** | **1,12** |

Трошокот за плати изнесува 95.362.957,00 ден. и е поголем во споредба со минатата година за 10.227.096,00 денари како резултат на зголемен број на вработени во 2020 година.

Заклучно месец септември бројот на вработени во јавното претпријтие изнесува 260 лица. Бројот на вработени во истиот период минатата година изнесувал 250 лица.

Трошокот за плати варира и како резултат на флуктуации на вработените по основ на користење неплатени отсуства заради што трошокот на плата соодветно се менува.

Во трошокот за плати се вклучени и надоместоците на вработените по основ јубилејна нагарада за 10 години непрекинат стаж во претпријатието. Такво право оствариле 24 (дваесетичетири) вработени за што исплатени се 79.992,00 денари со вклучен данок на доход. Трошокот за отпремнини за пет вработени кои оствариле право на старосна пензија изнесува 264.716,00 денари.

## *АМОРТИЗАЦИЈА*

Трошокот за амортизација изнесува 8.331.766,00 денари и е поголем во спредба со минатата година за 133.150,00 денари кога истиот изнесувал 8.198.616,00 денари.

## *ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ*

| **опис** | **2020 година** | **2019 година** | **разлика** | **Индекс** |
|---|---|---|---|---|
| **Дневници и патни трошоци и др.надом.на вработени** | 0,00 | 136.409,00 | -136.409,00 | 0,00 |
| **Надом.на управен и надзорен одбор** | 1.460.014,00 | 1.480.014,00 | -20.000,00 | 0,99 |
| **репрезентација** | 130.762,00 | 222.594,00 | -91.832,00 | 0,59 |
| **трошоци за осигурување** | 671.995,00 | 705.019,00 | -33.024,00 | 0,95 |
| **банкарски провизии** | 267.230,00 | 300.548,00 | -33.318,00 | 0,89 |
| **трошоци за ДДВ** | 1.863.481,00 | 1.867.812,00 | -4.331,00 | 1,00 |
| **Ревизија, преводи, дог.дело,здрав.прегл** | 347.123,00 | 613.175,00 | -266.052,00 | 0,57 |
| **Адв.нот.суд.иадм.такси** | 95.668,00 | 48.669,00 | 46.999,00 | 1,97 |
| **користење права** | 287.443,00 | 342.643,00 | -55.201,00 | 0,84 |
| **Огласув.претпл.на струч,списанија исл.** | 232.962,00 | 100.958,00 | 132.004,00 | 2,31 |
| **вкупно:** | 5.356.678,00 | 5.817.842,00 | -461.164,00 | 0,92 |

Во групата „останати трошоци на работење" евидентирани се трошоци на износ 5.356.678,00 денари. Ако се споредат со минатата година кога изнесувале 5.817.842,00 денари, се забележува намалување на трошоците за 461.164,00 денари.

Во групата спаѓаат следните трошоци: денвници и патни трошоци 0,00 денари, надоместоци за вработените- обуки и семинари 0,00 денари, надоместоци на органите на управување 1.460.014,00 денари, репрезентација 130.762,00 денари, осигурување 671.995,00 денари, банкарски провизии 267.230,00 денари,трошок за ДДВ 1.863.481,00 денари, за трошоци за ревизија , превод и договор на дело евидентираме 2347.123,00 денари, правно-адвокатски-нотарски услуги, членарини и административни такси 95.668,00 денари; трошоци за користење на права односно, набавка на лиценци за работа на компјутери 287.443,00 денари како и останати трошоци на работење-група во која евидентирани се трошоци во вкупен износ од 232.962,00 денари а се однесуваат на трошоци за огласување, како и трошоци за претплата на весници и стручни списанија итн.

### *ОСТАНАТИ РАСХОДИ*

Во оваа група, евидентирани се трошоци во вкупен износ од 34.488,00 денари и истите се однесуваат на одобренија по рекламации 11.680,00 денари како и 22.808,00 денари за учество во наплата на штетен настан .

### *ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ*

Во рамки на финансиски расходи бележиме трошок на износ 745,00 денари од кој 709,00 денари отпаѓаат на казнена камата која се однесува за задоцнето плаќање на сметки за вода и струја претежно заради задоцнето добивање на документите како и 36,00 денари негативни курсни разлики.

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 30 СЕПТЕМВРИ 2020 ГОДИНА

| АКТИВА | 2020 година | 2019 година |
|---|---|---|
| | | |
| **1.ОСНОВНИ СРЕДСТВА** | 53.994.166,00 | 60.681.342,00 |
| **кл.00** | | |
| | | |
| **2.ЗАЛИХИ** | | |
| кл.3 | 3.266.898,00 | 1.926.747,00 |
| | | |
| **3. ОБРТНИ СРЕДСТВА** | 39.632.377,00 | 63.439.973,00 |
| **кл.1** | | |
| | | |
| **4.АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА** | 1.593.750,00 | 723.397,00 |
| кл.1 гр.19 | | |
| ВКУПНО АКТИВА: | 98.487.191,00 | 126.771.459,00 |

| ПАСИВА | 2020 година | 2019 година |
|---|---|---|
| **1. ЗАПИШАН КАПИТАЛ** | | |
| **Државен јавен капитал** | 153.052,00 | 153.052,00 |
| **Останат капитал** | 0,00 | 0,00 |
| | | |
| **2.Законски резерви** | 15.305,00 | 15.305,00 |
| | | |
| **3.АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА од претходни години** | 70.811.766,00 | 48.759.400,00 |
| | | |
| **4.ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ – ЗАГУБА/ ДОБИВКА за трет квартал** | -21.974.690,00 | 22.896.790,00 |
| | | |
| **5. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ** | 36.505.792,00 | 40.679.315,00 |
| кл.2 | | |
| **6.Одложени плаќање на приходи и расходи** | 12.975.966,00 | 14.267.596,00 |
| **ВКУПНО ПАСИВА:** | **98.487.191,00** | **126.771.459,00** |

## *ОСНОВНИ СРЕДСТВА СО СОСТОЈБА 30.09.2020 ГОДИНА*

ЈП Градски Паркинг – Скопје заклучно 30.09.2020 година располага со основни средства чија сегашна вредност изнесува 53.994.166,00 денари вклучувајќи ги и основните средства евидентирани во подготовка кои сеуште не се ставени во функција.

Во текот на деветте месеци од годината претпријатието инвестираше - набави нови средства ,опрема во износ од 4.823.623,00 денари. Се работи за набавка на 5 нови лесни возила , настрешница за потребите на паркингот Клинички центар – Мајка Тереза, ГПС систем за потребите на возниот парк на претпријатието како и персонален компјутер.

## *ЗАЛИХИ*

Вредноста на залихите изнесува 3.266.897,00 денари.

Од нив, 869.032,00 денари претставуваат залихи на суровини и материјали односно се однесува на следните ставки: „ад блу" течност за потребите на сектор пајак, лед цевки и лед светилки за осветлување, кружни четки за потребите на машините за чистење, канцелариски материјал и обрасци, чип и греб картички, рибони, репрезентативни средства за потребите на кујната, средства за чистење.

Залиха на ситен инвентар 711.088,00 денари се состои претежно од залиха на ППЗ апарати како и друга противпожарна опрема набавена за потребите на двете катни гаражи Беко и

26-ти Јули , блокатори за потребите на зонско паркирање, канцelариски мебел, батерии за мотороли, полначи за ПДА уреди, паркинг клешти, алат и слично.

ХТЗ опрема Претпријатието има на залиха во вредност од 1.137.040,00 денари и истата се состои од заштитни ракавици, летни пантолони, поло маици, одела за дожд, флуоросцентни елечиња, јакна, чизми, кабаници итн.

Гуми на залиха евидентираме 549.737,00 денари. Од износот 530.238,00 ден. се однесува на вредност на гуми наменети за специјалните пајак возила додека 19.499,00 ден. се однесуваат на гуми наменети за скутери за потребите на зонско паркирање.

## *ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА*

Парични средства на трансакциските сметки со кои располага претпријатието збирно на 30.09.2020 година како и девизната сметка, благајна и виза картичка изнесува 25.541.623,00 денари.

Побарувањата од купувачите изнесуваат 11.209.697,00 денари. Нивна наплата се врши тековно во наредните пресметковни периоди.

Тужени побарувања има на износ 2.933.395,00 денари. Истите, во најголем износ произлегуваат од издадени доплатни карти заради неплатено зонско паркирање. Постапката за дел од предметите се води во судовите а дел од тужените побарувања во текот на 2012-та и 2013-та година се процесирани директно на нотар. Постапата за нивна наплата е во тек.

Евидентирани се и побарувања по основ платени аконтации за данок на добивка на износ 1.851.166,00 денари.

Побарувања за влезно ДДВ заклучно 30.09.2020 изнесува 770.608,00 денари. Истото ќе се пребие со обврската по основ излезното ДДВ.

Побарувањата од вработените се на износ 165.240,00 денари и во најголем дел се однесуваат на задолженија по основ ситни пари на паркинзи и паркомати, надминати телефонски лимити на службени телефони, исплатени надоместоци од плата и придонеси од плата, финансиски кусок од дневен промет .

Побарувања од кредитни- дебитни картички на износ 68.965,00 денари се всушност тековните побарувања од деловната банка по основ на дневен промет процесиран по пат на пос терминал а чија наплата се врши редовно секој нареден работен ден.

## *АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА*

На сметките од група 19 евидентирани се трошоци на износ 1.593.750,00 денари кои ќе се реализираат во наредните периоди. Станува збор за трошоци од платени такси на нотари и извршители 458.646,00 денари, осигурување 153.068,00 а остатокот 982.036,00 во најголем дел отпаѓа на трошоци за набавена ППЗ опрема за потребите на двете катни гаражи, трошоци за службен пат Холандија , трошоци за чип картички , претплати за радио-фреквенции, софтверски лиценци како и други трошоци за идни периоди .

## *ОБВРСКИ*

Претпријатието нема долгорочни обврски.

По основ краткорочни обврски, претпријатието севкупно должи 36.505.792,00 денари. Од овој износ, 4.195.811,00 отпаѓа на обврски кон добавувачи, 53.874,00 ден.се обврски по основ примени аванси, обврска за ДДВ за м.09 на износ 3.210.491,00 денари,обврска за Данок од добивка за м.09 на износ 215.123,00, обврска за надоместоци на членови на управен и надзорен одбор на износ 140.000,00 денари, обврска за бруто плата на вработените за месец Септември на износ 10.607.455,00 денари како и обврски по договор за дело на износ 50.000,00 денари. Горенаведени обврски претпријатието навремено ги подмирува во наредниот пресметковен период.

Во групата на краткорочни обврски најголем дел отпаѓа на обврската за комунална такса кон Град Скопје која изнесува 18.033.038,00 денари. Потсетуваме дека во првиот квартал од годината претпријатието изврши плаќање на комунална такса на износ 9.951.217,00 денари.

## *ОДЛОЖЕНИ ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ*

Износот на оваа категорија е 12.975.966,00 денари.

По основ извршени плаќања за услуга паркирање, а кои се однесуваат за наредниот пресметковен период, бележиме износ од 2.746.160,00денари. Други одложени приходи по основ претплати имаме на износ 262.290,00 денари.

По основ субвенции и донации од основачот Град Скопје доделени во опрема и пари, наменски, за набавка на опрема, белжиме одложени приходи на износ 9.916.750,00 денари. Износот од 50.766,00 денари се однесува на пресметани а неплатени услуги во нареден пресметковен период .Се работи за обврски за закуп по основ договорот за стопанисување со паркингот 8-ми Септември за м.08-09.2020 година.

---

# ЗАКЛУЧОК

Во периодот 01.01.2020-30.09.2020 година претпријатието бележи негативен финансиски резултат – загуба на износ од 21.974.690,00 денари.

Загубата во работењето е последица на намалените оперативни приходи на претпријатието, и тоа, како приходите од паркирање така и приходите од отстранување на непрописно паркирани возила со помаш на специјалните пајак возила.
Падот на приходите се должи на светската здравствена криза предизивикана од вирусот "Ковид 19". Во услови на вонредна состојба паркинзите функционираа без значителен обем на работа а истото се однесува и за пајак службата.
Намалување имаме и кај категоријата "Останати приходи" како резултат на тоа што оваа година претпријатието доби од својот основач Градот Скопје субвенции за потешкотии во работењето на износ од 7.500.000,00 денари што е двојно помалку од минатата година. Известивме дека со овие субвенции беше платена обврската за комунална такса за период 01.01.2019-31.07.2019 година на износ 9.951.217,00 денари.

Извесно подобрување во работењето настана во втората половина на месец септември со укинување на Ковид мерките на владата односно кога поголемиот дел од граѓаните се вратија на работа.

Како ќе се одвива работењето на претпријатието во период што следи ќе зависи од општите услови на стопанисување во државата и мерките на владата за справување со Ковид кризата.

Изработил:
Катерина Палитова

ЈП Градски Паркинг - Скопје
Директор,
М-р Борче Јакимовски